Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр.12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 35-та седница одржана на 16.07.2026 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Постапката по предметот број 12-2432/1 од 09.09.2025 година, оформен по наводи за незадоволство од постапување на службени лица вработени во општина --------- и ------------------ ---------------- -- ---------------- -- ---- задолжени за спроведување на постапки за легализација на бесправно изградени објекти, **СЕ ЗАПИРА.**

ДКСК утврди дека, согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси нема елементи за натамошно постапување за предметниот случај од причина што за предметните наводи и пријавените дејствија постапил друг надлежен орган.

Предметот со број 12-2432/1 од 09.09.2025 година, да се затвори и архивира.

Одлуката на ДКСК во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 09.09.2025 година доставена е пријава со наводи за незадоволство од постапување на службени лица вработени во општина -------- и ----------------- ---------------- -- ---------------- -- ---- задолжени за спроведување на постапки за утврдување на правен статус на бесправно изградени објекти, и оформен е предмет број 12-2432/1 од 09.09.2025 година.
Во конкретниот случај станува збор за постапка за утврдување на правен статус на бесправно изграден објект евидентиран на КП ------- со ИЛ -------- во општина -------, кој бил изграден на наведената катастарска парцела и било донесено Решение број -- - ---/---- од --.--.---- година за негова легализација. Дополнително, наведено е дека до предметната општина по однос на пријава доставена за нелегални градежни активности на наведената предметна катастарска парцела од страна на овластен градежен инспектор, бил извршен вонреден инспекциски

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

надзор при кој била констатирана повреда на закон и донесено е Решение број ИП1 бр.-- - --- од --.--.----- година со наредба за отстранување на утврдените неправилности.

Во насока на проверка на наводите и утврдување на фактичката состојба по предметот, ДКСК достави барање до општина --------, за произнесување со достава на прилог документација во однос наводите изнесени во предметната пријава.
Општина -------- извести дека од страна на овластен градежен инспектор во 2025 година бил направен увид на лице место и бил изготвен записник за констатација ИП 1 бр. -- - --/-/-- од -- .--.------ година со кој било констатирано дека во меѓувреме од донесеното Решение број ИП1 бр.-- - ---- од --.--.------година со наредба за отстранување на утврдените неправилности, објектот бил целосно изграден, завршен и вселен. Воедно, било утврдено и дека истото претставува проблем за присилно извршување на донесеното решение за отстранување и поради тоа предметот бил ставен во мирување.

Имајќи во предвид сето погоре наведено, ДКСК утврди дека за предметните наводи и пријавените дејствија постапил друг надлежен орган - градежен инспектор од општина Центар, по што оцени дека нема елементи за натамошно постапување по предметот и одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: П.Б.,советник
Контролирал Ј.Ц, раководител на одделение
Согласен: м-р И.П. Раководител на сектор
Одобрил/Miratoi: В.ХН.-член/anëtar

Доставено до:
- Подносителот на пријавата